ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Број: 02 - 9823/2*
***21.10.2010 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LXXXIII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 15.07.2010 со почеток во 12.00 часот*
*и на 21.07.2010 година со почеток во 11.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател (делумно присутна);*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*На седницата присуствуваа и Валентин Пепељугоски, правен застапник на Фондот, Љубинко Трпеновски и Душко Ѓоргиев, претставници на здружението Нефрон, Д-р Љубен Ристевски и М-р Игор Тантуровски, директори на Здравствената станица Железара.*

*Седницата ја отвори претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Состојба со хемодијализата во Република Македонија;*
2. *Предлог за изменување на висината на договорениот надоместок за приватната здравствена установа Дијамед;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работата на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Информација за споровите со Градски аптеки, Негорски Бањи и Бања Банско и разгледување на можноста за склучување на договори и спогодби со Негорски Бањи и Бања Банско;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
7. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување;*
9. *Одлука за утврдување на формата и содржината на барањето за остварување на правото на биомедицинско потпомогнато оплодување и протоколот за завршени здравствените услуги кои паѓаат на товар на средствата на Фондот за биомедицинско потпомогнато оплодување;*

10. *Одлука за утврдување на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2010 година;*
11. *Разно.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова предложи точката 10 да се симне од дневниот ред на оваа седница зато што измената и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија е усвоено од Собранието на седницата одржана вчера на 14 јули, па измените и дополнувањата на Буџетот на Фондот треба допрва да се подготват.*

*Управниот одбор го прифати предлогот, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Состојба со хемодијализата во Република Македонија;*
2. *Предлог за изменување на висината на договорениот надоместок за приватната здравствена установа Дијамед;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работата на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Информација за споровите со Градски аптеки, Негорски Бањи и Бања Банско и разгледување на можноста за склучување на договори и спогодби со Негорски Бањи и Бања Банско;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
7. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомединцинско потпомогнато оплодување;*
9. *Одлука за утврдување на формата и содржината на барањето за остварување на правото на биомедицинско потпомогнато оплодување и протоколот за завршени здравствените услуги кои паѓаат на товар на средствата на Фондот за биомедицинско потпомогнато оплодување;*
10. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

*ТОЧКА 1 - Состојба со хемодијализата во Република Македонија*

*Директорката Парнарциева - Змејкова потсети дека на минатата седница беше расправано и се донесе одлука за висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на установата Дијамед за третирање на осигурените лица со хемодијализа во третиот квартал на 2010 година. На истата седница беше донесен и заклучок да се побара од Здравствената станица Железара да направи анализа за исплатливоста на работењето на третата смена за хемодијализа. Поради тоа, поканети се директорите на оваа здравствена установа пред Управниот одбор да ја изложат анализата. Поканети се и претставници на здружението Нефрон за и тие да го изложат своето гледање на состојбата со хемодијализата во Скопје и земјата. Потоа истакна дека целта на Фондот е пред се да се обезбеди осигурениците од Скопје да не бидат принудени за добивање на услугата да патуваат во Струга, туку истата да ја добиваат во својот град. Инаку, во земјата годишно има зголемување од 60 до 70 лица кои имаат потреба од хемодијализа па и буџетот за таа услуга треба од година во година да расте, се додека со зголемувањето на бројот на трансплантации на бубрези не се обезбеди врамнотежување на состојбата или подобрување.*

*Елена Трпковска побара за зголемувањето на бројот на пациентите и планот на Фондот за соочување со тој тренд да се изготви документ - анализа кој ќе биде разгледан од Управниот одбор. Од таков документ има потреба независно од анализите на Здравствената станица Железара и Нефрон.*

*Директорката Парнарциева - Змејкова додаде дека од Железара истакнуваа дека третата смена е нерентабилна. Ние пак упативме допис до Министерството за здравство со предлог да се искористат други капацитети во јавното здравство (градската болница 8-ми Септември и клиниките во Скопје кои имаат празни кревети), заради овозможување на осигурениците од Скопје да ги добиваат услугите во градот и имајќи го во вид зголемувањето од 60 до 70 лица годишно.*

*Елена Трпковска истакна дека Фондот треба да обезбеди со трансферот на корисниците на хемодијализа од една во друга установа, финансискиот ефект да биде нула. За новите пациенти пак ќе мора да се обезбеди зголемен буџет.*

*Лазар Трајчев го истакна фактот дека во јавното здравство има недостаток на места за непречено добивање на хемодијализа. Наведе дека ќе настане голем проблем ако овој проблем не биде долгорочно решен.*

*По ова, во работата на Управниот одбор се вклучија претставници на здружението Нефрон.*

*Претставникот на Нефрон Душко Ѓоргиев најнапред истакна дека здружението со задоволство го поддржа вклучувањето на приватната иницијатива во системот на обезбедувањето на хемодијализа за осигурниците. За тоа изрази и благодарност кон Фондот. Со тоа, како прв проект на јавно-приватно партнерство во оваа област, се овозможија хумани услови за добивање на неопходната услуга. Меѓутоа по одлуката на Управниот одбор на Фондот од минатата седница за висината на надоместокот на Дијамед, помеѓу корисниците на хемодијализата се јави разочарување и убедување дека одлуката е избрзана и несоодветна. Со неа, надежта за добивање на хумани услови за хемодијализа беше изневерена. Затоа се заложивме проблемот да не дозволиме да ескалира туку да се реши на обострано задоволство со примена на аргументи.*

*Претставникот на Нефрон Љубинко Трпеновски наведе дека со децении пациентите од Скопје биле малтретирани да патуваат до Струга или уценувани за услугата да ја добиваат во својот град. Поради тоа, и ограничувањето на само 40 пациенти да добиваат услуги во Дијамед е дочекано со револт. Во моментов ниту еден пациент не е оставен без хемодијализа, но бараме за средствата што се издвојуваат нормални услови за добивање на услугата. Додаде и оти сметаат дека е апсурдно Здравствената станица Железара да работи во трета смена со стари апарати кога постои модерна установа со неискористен капацитет. Побара Управниот одбор да ја преиспита одлуката од минатата седница и да овозможи поголем број на пациенти да добиваат хемодијализа во Дијамед.*

*Елена Трпковска наведе дека Фондот во ниту еден момент не отстапи од определбата за осигурениците да обезбеди добри услови за изведување на хемодијализата. Одлуката на минатата седница беше донесена во услови кога не беа обезбедени повеќе средства. Ќе ја разгледаме повторно и ќе продолжиме да работиме за подобрување на условите.*

*Директорката Парнарциева - Змејкова додаде дека Фондот има редовни средби со Нефрон и оттаму неговите претставници знаат дека Фондот бргу реагира и ги исполнува ветувањата. Потсети дека од Фондот до Министерството за здравство е даден предлог за зголемување на капацитетите за изведување на хемодијализата во земјата.*

*По ова, претставниците на Нефрон ја напуштија седницата.*

*Членовите на Управниот одбор расправаа за настанатата состојба при што Татјана Лукановска објасни дека во моментов има 7 пациенти кои на некој*

*начин се јавуваат како вишок во системот и се принудени да патуваат за да ја добијат услугата.*

*Потоа, во работата на седницата се вклучија Д-р Љубен Ристевски и М-р Игор Тантуровски, директори на Здравствената станица Железара.*

*Д-р Љубен Ристевски наведе дека центарот за хемодијализа при Здравствената станица Железара е отворен во 1996 година за пациентите кои дотогаш патуваа во Струга за добивање на услугата. Пред две години започнавме со работа во трета смена но со половина капацитет зашто немаме доволно кадар за работа со полн капацитет. Во третата смена се опслужуваат 20 пациенти а имаме капацитет за уште 15. Инаку од сите установи кои ја даваат услугата хемодијализа во Македонија, само кај нас има трета смена и таа е од 19 до 23 часот.*

*По ова, се расправаше за трошоците на работењето на Здравствената станица Железара во врска со хемодијализата и за годишните трошоци по пациент, па директорите на Здравствената станица Железара ја напуштија седницата.*

*Потоа Управниот одбор ги разгледуваше пресметките на стручната служба на Фондот за предлог договорениот надоместок на здравствената установа Дијамед.*

*Елена Трпковска наведе дека за да се овозможи непречено добивање на хемодијализата, се чини дека е потребно да се зголеми надоместокот, односно бројот на пациентите кои ќе ја добиваат услугата во Дијамед.*

*Беким Сали се заложи да не се менува надоместокот на Дијамед до септември. Пред тоа треба да се направат контроли и анализи на јавните здравствени установи кај кои се добива хемодијализа за да се утврди нивниот реален капацитет и искористеност.*

*Елена Трпковска пак наведе дека не верува во можноста во наредниот период од месец и половина да се добие чиста слика за тоа. Во меѓувреме, состојбата е загрижувачка и мора да се превземе нешто. Треба да направиме исчекор но и да им дадеме на знаење на осигурениците дека не сме во состојба да правиме трансфери заради овозможување на повисок стандард на услугата.*

*Беким Сали додаде дека ако се поддржува префрлање на пациенти од јавни во приватни установи, ќе треба да се склучуваат договори и со приватните болници.*

*Љубиша Каранфиловски се заложи, заради надминување на состојбата со недоволниот број дијализни места да се одобри зголемување на надоместокот за установата Дијамед, а напоредно со тоа да се направи анализа за да се утврди реалниот капацитет и искористеност на јавните здравствени установи кај кои се добива хемодијализа.*

*По ова, претседателката на Управниот одбор побара членовите со гласање да се изјаснат во однос на предлогот за зголемување на договорниот надоместок на здравствената установа Дијамед.*

*Елена Трпковска, Борис Јосифовски, Страшо Наумоски и Љубиша Каранфиловски гласаа за предлогот, а Беким Сали гласаше против. На тој начин Управниот одбор со мнозинство на гласови донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Дијамед“ - Скопје за третирање на осигурените лица со хемодијализа***
*со која висината на надоместокот за периодот од 5 мај до 30 јуни 2010 година од 4.185.000 се зголеми „4.767.000“, и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Дијамед“ - Скопје за третирање на осигурените лица со хемодијализа***
*со која висината на надоместокот за периодот од 1 јули до 30 септември 2010 година од 8.309.1800“ се зголеми на „12.320.770“.*

ТОЧКА 2 - *Предлог за изменување на висината на договорениот надоместок за приватната здравствена установа Дијамед*

*За предлогот за изменување на висината на договорениот надоместок за приватната здравствена установа Дијамед, Управниот одбор расправаше во рамките точката 1 при што донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Приватната здравствена установа „Дијамед“ - Скопје за третирање на осигурените лица со хемодијализа со која висината на надоместокот за периодот од 5 мај до 30 јуни 2010 година од 4.185.000 се зголеми „4.767.000“, и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на*

*Приватната здравствена установа „Дијамед“ - Скопје за третирање на осигурените лица со хемодијализа со која висината на надоместокот за периодот од 1 јули до 30 септември 2010 година од 8.309.1800“ се зголеми на „12.320.770“.*

*ТОЧКА 3 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работата на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Во рамките на оваа точка на дневниот ред, Управниот одбор го разгледа предлогот од Владата на Република Македонија за намалување на висината на надоместокот на членовите на Управниот одбор за 30% како една од мерките за заштеда на средства во услови на светска економска криза. Во врска со тоа, едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работата на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која ја намали висината на надоместокот за 30%.*

*По разгледувањето на оваа точка, поради неодложни обврски седницата ја напушти претседателката Елена Трпковска а Управниот одбор продолжи со работа со кворум од четири члена под претседателство на заменикот на претседателот Беким Сали.*

*ТОЧКА 4 - Информација за споровите со Градски аптеки, Негорски Бањи и Бања Банско и разгледување на можноста за склучување на договори и спогодби со Негорски Бањи и Бања Банско*

*Информацијата за споровите со Градски аптеки, Негорски Бањи и Бања Банско и можноста за склучување на договори и спогодби со Негорски Бањи и Бања Банско ја изложи адвокат Валентин Пепељугоски, правен застапник на Фондот. Наведе дека во текот на споровите со градските аптеки се соочил со големи проблеми. Основен е проблемот со правниот континуитет на поранешните јавни здравствени установи со назив Градски аптеки и новите - приватни здравствени установи од кои некои го задржале поранешниот назив а некои не. Мислењето кое во врска со правниот континуитет го добивме од Министерството за економија како правен наследник на Агенцијата за приватизација не се прифаќа од судовите од причина што податоците од*

*Централниот регистар укажуваат дека новите субјекти имаат различен матичен број од поранешните јавни здравствени установи Градски аптеки. Имаме и случај со Градски аптеки од Штип по кој чекаме да се произнесе Врховниот суд. Втор проблем во постапките со Градски аптеки е во недостатокот на докази. Третиот проблем е во можноста да биде вложен приговор за застареност. Исто така посочи дека постои проблем и со литиспенденција. Во врска со споровите со бањата Банско и со Негоски бањи, наведе дека се работи за спорови за услуги дадени од бањите кои Фондот не ги платил. Во однос на овие спорови препорачуваме да се разговара со противниците и да се најде можност за спогодување.*

*Лазар Трајчев побара од Адвокатот Валентин Пепељугоски да ги објасни причините за опасноста и влијанието на литиспендецијата на постапките што ги води Фондот, како и причините за можноста од истакнување на приговор за застареноста на побарувањата.*

*Адвокатот Валентин Пепељугоски објасни дека литиспендецијата, збор кој означува течење на парницата, значи дека додека се води еден спор, за истата работа, во нашиот случај за истите фактури не може да се поведе и друг спор. Причината за поднесените повеќе тужби за иста работа е во неколку пати доставени различни дописи од секторот за финансии на Фондот каде има различни износи на побарувањата и различни основи од каде произлегуваат, а во некои случаи тие се повисоки во однос на претходно доставените. Заради тоа, интересот на Фондот се обидуваме да го заштитиме така што ја зголемуваме висината на тужбеното барање во постапките што ги водиме, но поради противење на противникот, судот зголемувањето не го дозволува и толкувајќи го како преиначување на тужбеното барање го одбива. Во случаите каде судот го одбива барањето за зголемување на износот, поднесуваме нови тужби и тука се јавува проблемот на литиспенденцијата. Во врска со застареноста, проблемот се наоѓаше во неможноста да се обезбедат потребните докази поради што беше неопходно покасно иницирање на тужбените барања. Фондот се обидуваше на различни начини и се обраќаше до многу институции, но доказите беше тешко да се обезбедат или поради незаинтересираност на другите институции, нивното обезбедување беше многу бавно.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова побара Управниот одбор да даде насоки за постапување во однос на Негорски бањи и Бања Банско за кои имаме утврдено буџет и им е доставен договор според кој би се откажале од побарувањата спрема Фондот. Наведе дека од Бања Банско во меѓувреме е понудена спогодба за решавање на меѓусебните односи. На крајот рече дека и споровите со градски аптеки не го амнестираат Фондот од обврската да склучи*

*договор со нив. Побара Управниот одбор да даде мислење како да се постапи и по тоа прашање.*

*Борис Јосифовски во однос на правниот континуитет на приватните здравствени установи и јавните здравствени установи Градски аптеки наведе дека нивната купопродажба е направена на несвојствен начин. Ако при купопродажбата се направел биланс на состојба, ќе се виделе и евентуалните обврски на Фондот. Прашање е дали во меѓувреме Фондот со нив правел срамнувања. Инаку е чудно 175 милиони да не биле побарани.*

*Адвокатот Пепељугоски наведе дека покрај биланс на состојба, потребно е да има и делбен биланс. За скопските Градски аптеки тоа е направено, но на пример во Гевгелија јавната здравствена установа Градски аптеки е згасната и е формирана нова на која е пренесена активата на јавната здравствена установа.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека Негорски бањи не прифатиле да се откажат од побарувањата па запраша што ако не ја прифатат спогодбата.*

*Адвокатот Пепељугоски додаде дека договорот со Фондот на бањите ќе им биде мотивација за идната соработка.*

*Лазар Трајчев посочи дека доколку Управниот се одлучи за спогодба, истата ќе оди заедно со договор без член 45, а доколку не се прифати спогодбата, ќе се оди со договор во кој е вклучен член 45. Побара Управниот одбор да донесе и заклучок во врска со обезбедувањето на докази за постапките кои би послужиле при натамошното постапување на Фондот во контактите со субјектите кои можат доказите да ги обезбедат.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека и долго време (две години) се чекало на одговор од Министерството за здравство на дописот со кој се бараат податоци за продажбите на Градски аптеки. Поради тоа Фондот трпи голема штета. Адвокатот Пепељугоски пак додаде дека и во Државниот архив и Министерството за економија може да има докази кои се час поскоро потребни, односно пред донесувањето на првостепена пресуда, зашто во постапката по жалба не би можеле да се употребат.*

*Со ова заврши расправата по информацијата за споровите со Градски аптеки, Негорски Бањи и Бања Банско и разгледување на можноста за склучување на договори и спогодби со Негорски Бањи и Бања Банско. Управниот одбор информацијата едногласно ја усвои, по што едногласно донесе и*

*Заклучок:*

- *За предложените текстови на спогодбата и договорот (без членот 45) со бањите адвокатот Пепељугоски да даде мислење кое ќе се достави во писмена форма а потоа стручните служби на Фондот да продолжат со преговори;*
- *Во врска со склучувањето на договори со приватните здравствени установи аптеки кои настанаа од јавните здравстввени установи Градски аптеки ќе се одлучува на следната седница .*

*ТОЧКА 5 - Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Во рамките на оваа точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која во Планот за јавни набавки се додаваат позиции за набавка на вариолајт завеси, на физичко повремено обезбедување на просториите на подрачните служби, софтверско решение за централизација на информациониот систем на ФЗОМ, а се брише позицијата за набавка на услуга за одржување хигиена во административниот простор на ФЗОМ и подрачните служби.*

*По донесувањето на оваа одлука, во 14.30 часот, седницата беше прекината.*

♦

*Седницата продолжи на 21.07.2010 година во 11.00 часот.*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател (делумно присутна);*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*

- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Соња Златановска, републички контролор инспектор во секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*ТОЧКА 6 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова ги објасни предложените измени. Наведе дека со членот 1 од Предлог правилникот се предлага насловот по членот 58 од правилникот "Остарување на право на биомедицинско потпомогнато оплодување" и членовите 58-а и 58-б, да се бришат од причина што биомедицинско потпомогнато оплодување како право од задолжителното здравствено осигурување сега се уредува со посебен правилник. Со членот 2 од Предлог правилникот се предлага да се измени ставот 2 на членот 75, со тоа што правото на специјализирана медицинска рехабилитација да може да се оствари во рок од два месеци од денот на завршувањето на болничкото лекување, наместо досегашното решение ова право да се оствари во рок од еден месец по завршување на болничкото лекување. На овој начин ќе се олесни остварувањето на правото на специјализирана медицинска рехабилитација во случаите на акутните заболувања или ако се работи за фрактури или хируршки зафати, кога по завршувањето на болничкото лекување осигуреното лице треба да изврши и контролни прегледи. Со членот 3 од Предлог*

*правилникот се предлага во Образецот на барањето за надоместок лекови во точката 2.„За лекови од болничката листа“, во алинејата 1, зборовите во заградата „потребна е препорака од болнички или клинички конзилиум“да се бришат, бидејќи е нејасна формулацијата, а во алинејата 2 се предлага да се брише зборот „соодветна“, кој упатува на тоа дека ампуларниот лек треба да биде аплициран во болничка здравствена установа. На овој начин се овозможува осигурените лица, по завршување на болничкото лекување, доколку е препорачан лек од болничката листа на лекови истиот да може да се аплицира и во здравствена установа од примарната здравствена заштита, и доколку наведениот лек е купен со сопствени средства да може да му се рефундираат средствата за набавениот лек.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

**Правилник**
**за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување**

*со кој се извршија предложените измени.*

*По разгледувањето на оваа точка, поради неодложни обврски седницата ја напушти претседателката Елена Трпковска а Управниот одбор продолжи со работа со кворум од четири члена под претседателство на заменикот на претседателот Беким Сали.*

*ТОЧКА 7 - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Соња Златановска објасни дека предлог одлуката е изработена врз основа на барањата од производителите за додавање на нови заштитени имиња. Покрај ова, имаме и известување од производител за промена на назив на лек и список на лекови кои нема да се произведуваат повеќе па треба да се бришат од одлуката. Во генериките не се предлагаат измени.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

**Одлука**
**за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

*со која се извршија предложените измени.*

*ТОЧКА 8 - Одлука за утврдување на формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување*

*Директорката Парнарциева - Змејкова објасни дека овој текст на договорот е усогласен со одредбите на подзаконските акти според кои се утврдува вкупен буџет за БПО услуги. Сега веќе не се утврдуваат квоти и во текстот на договорот се става забрана за селективност. Следствено на ова, од договорот е исклучена одредбата со која од здравствените установи кои даваат БПО услуги повеќе се бара да доставуваат план за видот и обемот на здравствените услуги.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување***

*ТОЧКА 9 - Одлука за утврдување на формата и содржината на барањето за остварување на правото на биомедицинско потпомогнато оплодување и протоколот за завршени здравствените услуги кои паѓаат на товар на средствата на Фондот за биомедицинско потпомогнато оплодување*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на барањето за остварување на правото на биомедицинско потпомогнато оплодување и протоколот за завршени здравствените услуги кои паѓаат на товар на средствата на Фондот за биомедицинско потпомогнато оплодување***

*со кој се утврдува формата и содржината на барањето за остварување на правото за биомедицинско потпомогнато оплодување (БПО) и Протоколот за завршени здравствените услуги кои паѓаат на товар на средствата на Фондот за биомедицинско потпомогнато оплодување од член 14 став 1 во врска со член 8 од Правилникот за критериумите за склучување договори и постапка за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита.*

*ТОЧКА 10 - Разно*

*Бидејќи под точката разно немаше предлози за разгледување, по донесувањето на одлуката од точка 9 дневниот ред беше исцрпен и во 13.00 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXXIII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***